**ФИЛОЗОФИЈА**, 12, бр. 34, стр. 99-101, јуни 2013

# Дијалогот, полемиката и соработката во академските филозофски кругови во Македонија

**подготвил: Мартин Поповски**

**УДК: 101.9:82-83(497.7)(047.53)**

Во овој број на списанието „Филозофија" го затвораме циклусот на интервјуа со истакнати професори од македонската филозофска фела, на тема: *Дијалогот, полемиката и соработката во академските филозофски кругови во Македонија*. За прашањата кои произлегуваат од оваа, според нас, болна точка на филозофската дејност во нашата земја, овој пат разговаравме со проф. д-р Иван Џепароски (редовен професор на Институтот за филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје).

***Дали во Република Македонија постои конструктивна филозофска полемика (дијалог) и продуктивна соработка во академските филозофски кругови, особено кога станува збор за полемика низ издавање на текстови, книги или други пишани форми?***

**Иван Џепароски:** За жал, во Македонија од поодамна не се појавила некоја, како што Вие велите, конструктивна филозофска *полемика* (*дијалог*), додека во однос на *продуктивната соработка* во академските филозофски кругови, треба да се укаже дека и на овој план, иако постојат определени соработки, состојбата не е ни малку подобра.

***Кои, според Вас, се причините за ваквата ситуација?***

**И. Џ.:** Причините за ваквата состојба се повеќекратни. Најнапред, малиот број книги (дела) од областа на филозофијата што кај нас се објавуваат, потоа фактот дека

тие дела доаѓаат од различни филозофски дисциплини, така што скоро да е невозможно да се најдат различни дела (и според ставовите и според излезните филозофски позиции) во рамките на една филозофска дисциплина. Авторите не можат да полемизираат самите со себеси, зашто бројот на делата од една филозофска област или дисциплина објавени кај нас, од страна на македонски автори, е навистина минорен. Што се однесува, пак, до соработката, познато е дека филозофите главно индивидуално настапуваат и многу ретко се решаваат за некоја попродлабочена соработка со некој свој колега од истата или од некоја поблиска област. Заеднички проекти помеѓу филозофите одамна нема, и поради нивниот индивидуализам и поради фактот дека таквите проекти ретко кога наоѓаат институционална финансиска поддршка од страна на Министерството за образование и наука или, пак, Министерството за култура.

***Дали имаѿе вӣечаѿок дека конфронѿирањеѿо на сѿавовиѿе, односно криѿичкиѿе забелешки често ӣаѿи се уӣаѿени, или, ӣак, сфаѿени на лична основа, а не во консѿрукѿивна насока?***

**И. Џ.:** Бидејќи скоро и да нема конфронтирање на ставови, оттаму евентуалните забелешки, за жал, се искажуваат не низ книгите и списанијата, туку во секојдневната комуникација помеѓу колегите. Сепак, мислам дека клучната причина за не постоењето на соработка помеѓу филозофите кај нас лежи во нивниот преголем индивидуализам. И тоа не е нешто лошо. За среќа, или за жал, индивидуализмот ги има тие привлечни способности и моќи да овозможи „освојување на среќата“ и во најтешките времиња. Како што укажуваше уште во 1890 година еден од најголемите индивидуалисти на човештвото, писателот Оскар Вајлд: „уметноста е индивидуализам а индивидуализмот е вознемирувачка и дезинтегрирачка сила. Во тоа се состои неговата неизмерна вредност.“ Сево ова важи и за филозофијата, та оттаму, не можат да се градат никакви колективни вредности ако индивидуите што нив ги градат самите немаат барем некаков минимум на индивидуални и универзални вредности.

***Шѿо се ӣрезема за ӣодобрување на филозофскаѿа клима во академскиѿе круӣови?***

**И. Џ.:** За жал, имам чувство дека последниве деценија-две академските кругови а особено Универзитетот како да ја губат важноста за општеството, како тој да не е веќе, за политичките елити, место на концентрирање на знаењето што ќе овозможува напредок, така што идеите на еден Мишел Фуко за релациите на знаењето и на

моќта, за критиката на спрегата „знаење-моќ" што доминира во развиените модерни капиталистички општества, кај нас не се плаузибилни иако декларативно постојано се преповторуваат, зашто ние како да сме сè уште во фазата на една пред-модерна состојба во која знаењето сè уште не се изборило да ја има позицијата на моќта. Во време кога инвестирањето во врвното знаење кај нас е на најниско можно ниво во однос на земјите на ЕУ или пак на земјите од нашето окружје, а од година во година средствата што се одделуваат за научна дејност се намалуваат или се исти како порано, и во време кога во продуктивна функција не се ставени младите научни кадри – последните податоци говорат за околу стотина невработени магистри и доктори на науки, значи, во едно такво време на неискористеност на знаењето и не може да се очекува некое радикално подобрување на економската состојба. Сево ова не може а да нема негативно влијание и врз филозофската клима во академските кругови кои, колку-толку, се трудат да го зачуваат своето научно и филозофско достоинство.

***Што сметате дека треба да се преземе за подобрување на ситуацијата?***

**И. Џ.:** Јас не сум политичар и не сум партиски активист кој ги „знае" сите можни решенија, та оттаму и не можам да предложам некои инстант-решенија за подобрување на состојбата. Она што можам, сепак, да го сторам, на индивидуален план, е да ја продолжам со несмален интензитет својата научна и образовно-воспитна работа, со надеж дека мојот однос кон себеси но и кон младите, кон студентите, и кон можноста и нив да ги „инфицирам" со „моќта на знаењето", ќе продолжи со несмален интензитет. Но, од друга страна, таа блискост до младите прави и самиот, делумно, да се чувствувам млад, иако сакам да верувам дека на духовен план моите предавања (а оттаму и книгите што ги пишувам) не се премногу „стари" за нив. Тоа што мислам дека го „знам" им го кажувам на студентите (додипломци и постдипломци) а не ретко и од нив ги добивам толку потребните критички поттици - во ова време на сиромаштија од секаков вид.